Васил С. Дрвошанов[1]
Институт за македонски јазик
„Крсте Мисирков", Скопје
Република Северна Македонија

УДК 811.163.3'286
https://doi.org/10.46630/ish.12.2026.48

ДИЈАЛЕКТИТЕ ВО СВЕТЛИНАТА НА АРЕАЛНАТА ЛИНГВИСТИКА

Денешната научна дисциплина дијалектологија на словенските јазици во своите проучувања ја користи методологијата на ареалната лингвистика. Врз темелите на ареалната лингвистика се работи на мегапроектот во славистиката *Општословенски лингвистички атлас*, според чиј образец се работат и одделни национални атласи. Во македонистиката дијалектолозите се обединети околу проектот *Македонски дијалектен атлас*, од кој досега се реализирани два колективни атласа: *Македонски дијалектен атлас: Пролегомена* и *Македонски дијалетен атлас: Од ризницата на картотеката – лексички материјали*. Првиот труд, што излезе во 2008 година, е воведен том од дваесет и три дијалектолошки лексичко-семантички единици, а актуелниот том, што излезе во 2024 година, е од педесет дијалектолошки единици. На оваа *Тркалезна маса* авторот го изнесува искуството од работата на проектот *Македонски дијалектен атлас* во Македонија.

Клучни зборови: дијалектологија, методологијата на ареалната лингвистика, дијалектен материјал, семантички гнезда (полиња), индекси, карти со коментар, *Македонски дијалектен атлас*.

Денешната научна дисциплина дијалектологија на словенските јазици во своите проучувања ја користи методологијата на ареалната лингвистика. Врз темелите на ареалната лингвистика се работи на мегапроектот во славистиката *Општословенски лингвистички атлас*, според чиј образец се работат и одделни национални атласи. Во македонистиката дијалектолозите се обединети околу проектот *Македонски дијалектен атлас*, од кој досега има изработено индивидуални трудови од македонските дијалектолози во вид на магистерски работи или докторски дисертации и голем број статии од наши и од странски научници. Радува фактот што досега се реализирани два колективни атласа: *Македонски дијалектен атлас: Пролегомена* и *Македонски дијалетен атлас: Од ризницата на картотеката – лексички материјали*. Првиот труд, што излезе во 2008 година, е воведен том од дваесет и три дијалектолошки единици, а актуелниот том, што излезе во 2024 година, е од педесет дијалеколошки единици.

На оваа *Тркалезна маса* сакам да го изнесам искуството од работата на проектот *Македонски дијалектен атлас* (МДА) во Македонија.

[1] vasildrvoshanov@yahoo.coim

На почетокот ќе речам дека дијалектологијата е неатрактивна област за истражувачите, особено за помладите. Таа е „тешка“ научна област, затоа што од истражувачот бара познавање на повеќе лингвистички дисциплини: фонологија, морфологија, синтакса и лексикологија со фразеологија и тоа проучувани од балканолошки аспект. Македонскиот лингвистички ареал од странските лингвисти е наречен „јазична лабораторија“, затоа што на македонската јазична територија, освен македонскиот јазик, суштествуваат повеќе јазици, коишто се испреплетени во текот на вековите. Освен тоа, од истражувачот се бара познавање и на сродните области, првенствено историја и географија. Со други зборови речено, од истражувачот се бара повеќестрана личност, вклучувајќи ја и моќта на истражувачот за теренска работа. Сето тоа го усложнува интересирањето на истражувачите за дијалектите, но не го прави невозможно.

Што треба да се направи за да почне работата на таков проект? Ќе зборувам од македонското искуство.

Најпрво треба да се формира Одделение за дијалектологија при определена научна институција и да се обучи кадар.

Пред да се појде на теренско истражување, неопоходно е да се изработи прашалник за собирање дијалектен материјал за единствена, еднообразна анкета со фонетско писмо, особено за гласовите што ги нема во стандардниот јазик. Но, пред изработката на прашалникот треба да се направи преглед на проблемите за дијалектите што ќе бидат предмет на проучувањето. Исто така, треба да се направи дијалектна мрежа на пунктовите на дијалектниот ареал. Дијалектниот материјал треба да биде распореден по тематски подрачја. Притоа, треба да се направи избор на дијалектниот материјал. (Овде се мисли на лексика со фонетски, со морфолошки, со зборобразувачки, со синтаксички и со други позиции.)

Со цел да има уверливост на дијалектниот материјал, исто така, треба да се наведат генералии за експлораторот, за информаторот и за селото и населението со топониомастика. Забележаниот дијалектен матерејал во тетратки се архивира во Одделението за дијалектологија.

По извршеното теренско испитување на определен пункт (село), секој одговор од дијалектниот материјал се испишува на определени ливчиња (фиши) во два примерока. Едниот примерок останува во специјалните перфорирани тетратки, а другиот примерок се внесува во картотеката по семантички гнезда (полиња). Откако ќе биде собран дијалектниот материјал, се подготвуваат индекси за секое прашање со одговорите што се добиени на теренот. Од индексите се добива извесна претстава за дистрибуцијата на определено дијалектно прашање на сета територија. Потоа се пристапува кон подготовка на легенда со симболи. Се прави хиерархија на симболите, според честотата на дијалектната појава. Вообичаено на прво место е кругот, на второ место е квадратот, на трето место е триаголникот итн. Симболите

се внесуваат на претходно изработена бланко-карта. Порано симболите се внесуваа рачно на бланко-картата и беа во црно-бела техника, а сега се внесуваат електронски на комјутер според вградена програма и се изработуваат во боја со што се добива уште поголема прегледност за распространетоста на определена дијалектна појава, главно, лексема со зборообразувачките и/или со семантичките разновидности. Финале на проучувањето на разгледуваната дијалектна појава е коментарот на дијалектниот материјал со етимолошко толкување на застапените лексеми на теренот. За завршница се смета обединувањето на проучуваните прашања во атлас, во кои се застапени индексите, картите и коментарите со придружните елементи на научната интерпретација.

Колективното истражување на македонските дијалекти започнува со формирањето на Одделението за дијалектологија при Институтот за македонси јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје во 1960 година под раководство на Божидар Видоески (Видоески, 2000: 5). Од 1961 година до денес со повремени прекини се вршат теренските дијалектни истражувања за проектот *Македонски дијалектен атлас* од малубројниот дијалектолошки тим, чиј број цело време осцилира околу пет-шест истражувачи. Речиси сите дијалектолози се обучуваа за теренски истражувања од самото вработување, при што изработуваа магистерски трудови или докторски дисеретации, но поразителен беше фактот што дел од оформените дијалектолози преминуваа на работа во други институции, главно, на факултетите, за подобар статус, за подобра плата и за полесна работа.

Дијалектниот материјал се бележеше на теренот според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* составен од Божидар Видоески. Истражувачите на терен долго време, речиси, четири дециении го користеа *Прашалникот* со машиопис, а од 2000 година наваму го користат печатеното издание на *Прашалникот*.

Треба да споменеме дека *Прашалникот* содржи три целости: Преглед на проблемите за прашалникот на МДА, Теренски дел на прашпалникот и Регистар на лексичките единици.

Првата целост е составена од пет дела. „Првите четири претставуваат инвентар на проблеми од областа на фонологијата, морфологијата, зборообразувањето и делумно од синтаксата, проследени со голем број примери што зависно од контекстот се запишувани во стандардна форма и со стандарден правопис и/или во дијалектна форма и со дијалектна фонетска транскрипција“ (Видоески, 2000: 6). Петтиот дел се однесува на синтаксички прашања со што се комлетира инвентарот на релевантните јазични проблеми.

Втората целост служи за теренска работа со информаторите од целата територија на етничка Македонија. На почетокот се бара експлораторот да ги забележи податоците за себеси, за информаторот, за населеното место и за населението, чиј говор е предмет на истражување и податоци за топони-

мијата. Теренскиот дел на прашпалникот содржин 2 500 лексички единици распоредени во 35 глави по семантички полиња. Во првите 24 глави основниот акцент е ставен на лексиката, при што со извесен преод од лексичко-зборообреазувачки и ономнастички теми, се преоѓа на граматички теми.

За полесно снаоѓање на експлораторот, материјалот е претставен во две колони. Во левата колона е инвентарот на лексичките единици, наведени во стандардна форма со стандарден правопис, чија форма и чиј изговор истражувачот треба да ги забележи според информаторот од истражуваното населено место. Во ретки случаи една лексичка единица е предадена во синонимна низа или во неколку фонетски дијалектни варијанти.

Под заглавната единица се бараат дополнителни информации за деминутивните, аугментативните и пејоративните форми на лексичките единици кај именките, односно префиксираните форми кај глаголите.

Мошне важно е да се забележи тоа што од експлораторот се бара да се наведат зависните форми, на пр. освен основната форма *рака*, во која може да се проследи континуантот на носовката од заден ред /ǫ/, се бара да се наведат членските мирфеми *-та*, *-ва*, *-на*, множинската форма и да се забележи акцентот. Покрај тоа, дополнително се бараат акцентските целости: *за рака*, *под рака*, *на рака*; можните деминутивни форми: *раче*, *раченце*, *рачуле*, *рачетинка* и сл., односно можните аугментативни форми: *рачиште*, *рачетина*, *рачинка* и сл. Кај глаголите се бара целата парадигма во сите глаголски времиња.

Во десната колона е даден опис на предметот, на појавата или на дејството во форма на прашање што се однесува на лексемата во левата колона. (При нашите теренски истражувања, покрај прашањата, користевме слики на некои видови животни и птици од албумот *Животинско царство*.)

Третата целост е Регистарот на лексичките единици со кои се илустрира лингвистичката проблематика во Прегледот на проблемите за прашалникот на МДА и инвентарот на лексичките единици во Теренскиот дел на прашпалникот, предаден по азбучен ред. Материјалот во Регистарот е означен со буквата П кога се однесува на проблемскиот дел, односно со буквата Т кога се однесува на теренскиот дел.

На крајот е даден Списокот на пунктовите за теренските истражувања и бланко-картата на проектот *Македонски дијалектен атлас*.

Користењето на методологијата на ареалната лингвистика при проучувањето на дијалектите се наметна како неопходна, бидејќи дава сеопфатна слика на релевантните дијалектни карактеристики на еден јазичен систем. Потврда за тоа се резултатите од долгогодишните колективни дијалектни проучувања на собраниот материјал од предвидените 351 пункт (Гајдова, 2008: 10), презентирани во воведниот том на проектот *Македонски дијалектен атлас : Пролегомена*, во кој, како што споменавме, се застапени дваесет и три дијалектолошки лексичко-семантички единици, а уште поголема

потврда за тоа се резултатите од долгогодишните колективни дијалектни проучувања, презентирани во првиот том на проектот *Македонски дијалектен атлас: Од ризницата на картотеката – лексички материјали*, во кој се застапени педесет дијалектолошки лексичко-семантички единици.

Со картографската обработка на дијалектниот лексички материјал се добива извонреден преглед на ареалното расчленување на дијалектната територија. Треба да споменеме дека во воведниот том на проектот *Македонски дијалектен атлас : Пролегомена* „индексот н картографираниот дијалектен материјал испишан според *Списокот на пунктови*, картата со легендата и коментарот кон картата претставуваат една целина и секогаш следуваат едно по друго; во рамките на таа целина се чита македонскиот дијалектен материјал и се толкува лексичката обработка на македонската дијалектна лексика“ (Гајдова, 2008: 17).

Вистинско осветлување на дијалектите со методологијата на ареалната лингвистика е првиот том од проектот *Македонски дијалектен атлас: Од ризницата на картотеката – лексички материјали*, во кој се застапени, како што споменавме, педесет дијалектолошки лексичко-семантички единици „со сите придружни елементи потребни за ваков вид научни проекти, а тоа се: Фонетска транскрипција, Список на сите населени места застапени во нашата картотека, Демографски описи на населените места, карта бланковка, карта со основните граници на трите дијалектни наречја според Б. Видоески, обаботка на материјалот во Индекси и Карти, Список на користена литература и Список на скратеници“ (Лаброска, Марковиќ, 2024: 5).

Овие се дел од нашите согледи за работата на проектот *Македонски дијалектен атлас*, во која активно имам учествувано, поминувајќи ги сите фази на дијалектолошките проучувања. Имено, за проектот *Македонски дијалектен атлас* вршев теренски испитувања во дваесетина дијалектни пунктови, ексцерпирав нов дијалектен материјал од печатени извори, го средив ексцерпираниот материјал од стотина пунктови по тематски подрачја во картотеката за проектот, изработив карти со придружен коментар на повеќе од сто единици, изработив околу 700 индекси, направив триесетина демографски описи и др. Како резултат од нашата работа на проектот произлегоа магистерскиот труд „Кајларскиот говор“, докторската дисертација „Анатомската лексика за човекот во македонските говори во компарација со состојбата во српскохрватскиот јазик“ и педесетина написи објавувани во македонската и во странската периодика.

Литература

Видоески, 2000: Б. Видоески, *Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Гајдова, 2008: *Македонски дијалектен атлас : Пролегомена* (Главен редактор: Убавка Гајдова). Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Лаброска, Марковиќ, 2024: *Македонски дијалектен атлас: Од ризницата на картотеката – лексички материјали* (Уредници: Веселинка Лаброска, Марјан Марковиќ). Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ : Македонска академија на науките и уметностите.

Vasil S. Drvošanov

DIALECTS IN THE LIGHT OF AREAL LINGUISTICS

Summary

The current scientific discipline of dialectology of Slavic languages uses the methodology of areal linguistics in its studies. On the foundations of areal linguistics, the megaproject in Slavic studies, *The General Slavic Linguistic Atlas*, is being worked on, according to whose model separate national atlases are also being worked on. In Macedonian studies, dialectologists are united around the *Macedonian Dialect Atlas* project, from which two collective atlases have been realized so far: *Macedonian Dialect Atlas*: *Prolegomena and Macedonian Dialect Atlas*: *From the Treasury of the Card Index – Lexical Materials*. The first work, published in 2008, is an introductory volume of twenty dialectological units, and the current volume, published in 2024, is of fifty dialectological units. At this Round Table, the author will present his experience from the work on the *Macedonian Dialect Atlas* project.

Key words: Dialectology, Areal Linguistics Methodology, Dialect Material, Semantic Fields, Indexes, Annotated Maps, *Macedonian Dialect Atlas*.